РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-3684/1
30-04-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МОГИЛА
БР. 03-115/3
30.04.2024 год.
МОГИЛА

Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз ИБО ПОД ДООЕЛ
Бр. 1-174/2024
Прилеп, 30.04.2024 год.

Анекс на Договор **за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во Општина Могила** со архивски број на МТСП 02-286/7 од 28.02.2023, архивски број на Општина Могила 03-/208-13-2022 од 02.03.2023 година и архивски број на носител на набавката 01-44/2023 од 02.03.2023 година

Договорни страни:

1. Министерство за труд и социјална политика, со седиште на ул.„Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Ѓоко Велковски, во понатамошниот текст: Нарачател, (Носител на групата нарачатели),

2. Општина Могила со седиште во с. Могила, претставувана од страна на градоначалникот Драганчо Саботковски: Нарачател, (Член на групата нарачатели), и

3. Друштво за производство, промет и услуги ИБО ПОД увоз – извоз Дооел Прилеп, со седиште на ул. Леце Котески бр.50, Прилеп, ЕМБС 6221203, застапувано од Управител Божиноска Нада, во понатамошниот текст Изведувач (Носител на набавката).

Член 1

Договорните страни го склучуваат овој Анекс на договор врз основа на член 66 од Договор за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во Општина Могила со архивски број на МТСП 02-286/7 од 28.02.2023, архивски број на Општина Могила 03-/208-13-2022 од 02.03.2023 година и архивски број на носител на набавката 01-44/2023 од 02.03.2023 година, а во врска со член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија 24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија 87/2021).

Овој Договор се склучува по претходно доставено Барање за продолжување на рок на изведба на градежни активности од Изведувач ИБО ПОД увоз – извоз Дооел Прилеп со број 160/2024 од 25.04.2024 година, доставено до Надзорен орган на ден 26.04.2024 година и Мислење од Надзорен орган МБМ АРХИТЕКТИ Дооел во врска со продолжување на рокот на изведба со бр.0302-234/1 од 26.04.2024 година, заверено во архива на МТСП со бр. 10-3652/2 од 30.04.2024 година, поради тоа што согласно горенаведените документи постојат оправдани причини за продолжување на рокот на Договорот до 02.08.2025 година.

Член 2

Предмет на овој Анекс е изменување на одредбите од Договор за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во Општина Могила со архивски број на МТСП 02-286/7 од 28.02.2023, архивски број на Општина Могила 03-/208-13-2022 од 02.03.2023 година и архивски број на носител на набавката 01-44/2023 од 02.03.2023 година.

Член 3

Во член 4 став 2 од основниот договор се менува и гласи:

"Изведувачот е должен работите предвидени во член 2 од овој Договор, да ги заврши најдоцна до 02.06.2025 година.

Член 4

Согласно член 42 од основниот Договор, Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 15% (петнаесет проценти) од вкупната вредност на Договорот, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот, односно до 02.08.2025 година.

Член 5

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

Член 6

Овој Договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 7

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои по два за секоја договорна страна.

| Министер | Градоначалник | Управител |
| --- | --- | --- |
| Ѓоко Велковски | Драганчо Саботковски | Божиноска Нада |